1320
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51



СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 15 октомври 1976
БЕЛГРАД
БРОЈ 45 ГОД. XXXII

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1976 година изнесува 420 динара. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756.

**666.**

Врз основа на член 36 точка 35 став 2 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75 и 58/75), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ПРОМЕТ НА МЕДАЛЈОНИ, ЗНАЧКИ И ПРИДАТОЦИ, ШТО СЕ ИЗДАВААТ ПО ПОВОД НА НАСТАНИ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАРОДИТЕ И НАРОДНОСТИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за ослободување од плаќање на данок на промет на медалјони, значки и придатоци, што се издаваат по повод на настани од посебно значење за народите и народностите на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/74, 11/74, 28/74, 8/75, 55/75, 12/76, 18/76 и 26/76) во точка 1а, во одредбата под 16 на крајот точката се заменува со точка и запирка и потоа се додаваат пет нови одредби, кои гласат:

„17) на јубиларните значки „По патиштата на револуцијата“, што се издаваат по повод 35-годишнината од востанието во СР Хрватска;

18) на јубиларните значки што се издаваат по повод 40-годишнината од штрајкот на текстилните и градежните работници на СР Словенија;

19) на јубиларните значки и плакети, што се издаваат по повод 30-годишнината на постоењето на Сојузот на слепите на Југославија;

20) на јубиларните спомен-медали што Друштвото за чување и подигање на споменици на воините од војните до 1920 година ги издава по повод прославата на споменот на воините од војните до 1920 година;

21) на јубиларните значки „Спомен на револуцијата“ и „Херој Франц Розман Стане“, што се издаваат по повод 30-годишнината од ослободувањето на СР Словенија.“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 730
7 октомври 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

**667.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „THE NEW YORK TIMES“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „The New York Times“, број 43331 од 12 септември 1976 година, што излегува на англиски јазик во Њујорк, Соединети Американски Држави.

Бр. 650-1-27/496
22 септември 1976 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**668.**

Врз основа на член 137 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/73), по претходно прибавено мислење од носителите на правото на користење на аеродромите, директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ВРЕМЕТО ВО КОЕ ВОЗДУХОПЛОВНИТЕ ПРИСТАНИШТА МОРААТ ДА БИДАТ ОТВОРЕНИ ЗА ЈАВЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

1. Во Наредбата за времето во кое воздухопловните пристаништа мораат да бидат отворени за јавен воздушен сообраќај („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/75) во точка 1 во табелата по рубриката 15 се додава нова рубрика, која гласи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| „„Марибор“ | 06,00<br>16,00 | 08,00<br>19,00 | 1,2,3,4,5,6,7 | 06,00<br>16,00 | 08,00<br>19.00 | 1,2,3,4,5,6,7“. |

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 3962/1
30 септември 1976 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за цивилна
воздушна пловидба,
**Павле Гаиќ**, с. р.

**669.**

Врз основа на член 26 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/74), во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита и со претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство, директорот на Југословенскиот завод за стандардизација издава

## НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕРАБОТКА НА ПЧЕНИЦА

1. Сите преработувачи на пченица се должни пченицата да ја мелат така што од 100 килограми

пченица од квалитетот 76 kg хектолитарска маса со 1,80% пепел, 2% примеси и 13% влага да добијат најмалку 78 kg брашно со 13% влага, 19 kg трици и 2% примеси. Преостанатиот еден процент претставува вкупно кало.

2. Ако пченицата има хектолитарска маса поголема од 76 kg, количеството на брашно се зголемува за 0,37% за секој килограм хектолитарска маса над 76 kg до 80 kg, а количеството на трици се намалува во ист сразмер. Пченицата со хектолитарска маса над 80 kg се смета како пченица со хектолитарска маса од 80 kg.

Ако пченицата има хектолитарска маса помала од 76 kg, количеството на брашно се намалува за 0,37% за секој килограм пченица со хектолитарска маса под 76 kg, а количеството на трици се зголемува во ист сразмер.

3. Ако пченицата има пепел повеќе од 1,80%, количеството на брашно се намалува, а количеството на трици се зголемува за 0,5% за секој 0,1% пепел над 1,80%.

4. Ако пченицата има примеси повеќе од 2%, количеството на брашно и трици сразмерно се намалува, а количеството на примеси се зголемува за секој процент на примеси над 2%.

Ако пченицата има примеси помалку од 2%, количеството на брашно и трици сразмерно се зголемува, а количеството на примеси се намалува за секој процент на примеси под 2%.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за начинот на мелење пченица („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66)

6. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 9779
4 октомври 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

## 670.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ОСНОВНИТЕ И ОПШТИТЕ СТАНДАРДИ

1. Се донесува следниот југословенски стандард:
Класификација и означување на
југословенските стандарди — — — JUS A.A0.004

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација што е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 декември 1976 година.

Бр. 14-9466/1
24 септември 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 671.

Врз основа на член 30, во врска со член 8 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72) и чл. 3 и 5 од Уредбата за начинот и постапката за склучување на општествени договори за цени („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72, 21/73 и 41/73), Сојузниот секретаријат за пазар и цени, Стопанската комора на Југославија и Здружението на индустријата на алуминиум на Југославија, склучуваат

### ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
### ЗА ИЗМЕНА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА АЛУМИНИУМОТ И НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ПРЕРАБОТКАТА ВРЗ БАЗА НА АЛУМИНИУМ

Член 1

Во Општествениот договор за критериумите и за начинот на формирање на цените на алуминиумот и на производите од преработката врз база на алуминиум („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/73) во член 2 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Домашната продажна цена за примарен алуминиум се формира врз основа на соодветната странска цена што ја сочинуваат 80% канадска експортна цена и 20% од цената за продажба на слободниот пазар, остварена за последните шест месеци пред формирањето на домашната продажна цена, со примена на важечкиот продажен курс на САД долар за канадската експортна цена и англиската фунта за продажба на слободниот пазар, зголемени за 3% на име важечка царинска заштита.

Како продажен курс на англиската фунта и САД долар се применува курсот што важи на денот на формирањето и промената на домашната цена".

Член 2

Овој договор влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

| За Здружението на индустријата на алуминиум на Југославија претседател на Управниот одбор, | За Стопанската комора на Југославија потпретседател, | За Сојузниот секретаријат за пазар и цени секретар, |
|---|---|---|
| **Милан Крајник**, с.р. | **Милорад Станоевиќ**, с р. | **Имер Пуља**, с.р. |

---

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Уредбата за посебните услови под кои организациите на здружен труд можат да изведуваат инвестициони работи во странство, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76, се поткрала долунаведената грешка, та се дава

### ИСПРАВКА
### НА УРЕДБАТА ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ПОД КОИ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД МОЖАТ ДА ИЗВЕДУВААТ ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ВО СТРАНСТВО

Во член 21 во петтиот и шестиот ред наместо зборовите: „судскиот регистар" треба да стои зборот: „регистарот".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 1 октомври 1976 година.

---

# ОДЛИКУВАЊА

### УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

**врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува

— по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независноста на земјата, како и за придонес за политиката на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите држави

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Стојнић Стевана Велимир.

Бр. 23
2 април 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од Воената пошта 2280, Белград

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетари: Аговић Мехе Мидхад, Арнаутовић Хајрудина Ејуб, Бједов Јована Јован, Ћатић Нураге Шахим, Грабер Јоже Милан, Кондић Бранка Небојша, Крсмановић Недељка Ристо, Смаиловић Хасана Сабир, Стојановић Иве Босиљко;

разводници: Скомина Фрање Иван, Шормаз Јове Славко;

војници: Бан Николе Иво, Бојанић Велимира Миливој, Будић Маријана Мате, Чолић Бранка Милорад, Егрежђија Ивана Фрањо, Лончар Вјекослава Иван, Матовић Гојка Перо, Мијаиловић Радула Мићо, Миљковић Милорада Миодраг, Николић Светислава Љубодраг, Пенава Шимуна Андрија, Петковић Мира Слободан, Плеша Ђуре Иван, Вељаноски Николе Блаже, Жагар Мирка Милан;

Од Воената пошта 5573, Скопје

— зо особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

водници-стажисти: Бајић Јефте Милош, Брцко Рудолфа Владимир, Димчић Радоја Стојан, Јовичић Милана Никола, Лончаревић Петра Милан, Марковић Мирка Јован, Мрваљевић Мирка Радомир, Збодуља Августа Јосип;

десетари: Ашћерић Рајка Станимир, Бариш Милоша Слободан, Бала Деже Ласло, Божић Радомира Благомир, Божиновски Александра Љубе, Богдановић Ранка Миодраг, Бубић Јове Милорад, Цветковић Радише Перица, Чикић Алексе Раде, Чрнигој Јоже Јоже, Демир Мустафе Хасан, Дендић Мехе Рамиз, Добринић Ђуре Драган, Етеми Тефика Ћемаљ, Гачановић Гојка Славиша, Глухић Мустафе Зијад, Грабовац Војислава Станко, Хајдук Фрање Фрањо, Хондо Хамдије Сулејман, Ибишевић Шеће Незир, Ибрахимпашић Мује Наим, Јаковина Албина Жељко, Јевремовић Милете Милан, Јовановић Драгољуба Иво, Јовановић Борисава Миодраг, Јовановић Жике Петар, Кашнар Мије Владо, Керенчић Вилиа Бранко, Клапија Мехе Џемаиљ, Костић Радивоја Слободан, Крањц Станка Станислав, Краснић Јемина Феим, Легиша Рудолфа Јанез, Личина Стевана Милош, Миловац Петра Драго, Музичка Славка Недељко, Петковић Милована Милан, Спасовски Петра Драги, Станојевић Стојана Миодраг, Степановић Животе Драгиша, Сурјан Данка Златко, Шћепановић Светозара Саво, Шодић Вељка Раденко, Танасковић Мирка Томислав, Тренчић Славе Сента, Тртињак Драгутина Иван, Златковић Стојка Стојан;

разводници: Блаћанин Михајла Радивоје, Ћирић Мите Дејан, Даниловић Немање Владо, Дујић Душана Љубомир, Ђорђевић Драгољуба Радослав, Јанковић Стевана Боривоје, Јефтић Хранислава Славољуб, Камбовски Јордана Влада, Красић Петра Драган, Крашић Мирка Жељко, Марић Миљка Ивица, Милосављевић Милена Зоран, Мирковић Љубинка Богољуб, Павловић Николе Ђоко, Рујанац Мустафе Едхем, Русован Симе Глигорије, Страхиновић Миљка Драгиша, Штајдохар Антона Антон, Терзић Мика Бранко, Тодоровић Миодрага Славко, Воларев Веселина Жарко, Враголовић Паве Мато, Зарић Саве Јовица;

војници: Ацић Николе Ранко, Анђелић Тоде Ратко, Арсески Ђорђа Трене, Бабић Нике Мирко, Бацкић Јована Живомир, Бартовчак Мате Марјан, Брачко Јакоба Јакоб, Бунић Азиза Мирсад, Чала Михаља Болдижар, Чонтадац Љубомира Радивој, Чугура Мате Давор, Дамљановић Драгомира Радован, Димковски Петра Ацо, Дуњић Живка Радоје, Дрикслер Ивана Владо, Ђорђевић Миодрага Љубиша, Филиповић Лазе Саво, Галамић Душана Ђорђо, Грабар Станка Станислав, Греблички Мије Стјепан, Хафнер Петра Мирослав, Хаљимај Брахима Скендер, Хорват Винка Иван, Исић Хусеина Рашид, Јабукаров Мехмета Алишах, Јагер Франца Маријан, Јаковљевић Ратка Милош, Јериловић Војислава Драган, Клуни Јосипа Жељко, Кнежевић Олге Бојко, Коневски Ђорђа Петар, Крајина Јакова Борислав, Лазић Драгољуба Живанко, Личар Јурија Емил, Липовац Ивана Винко, Лисјак Јожета Марјан, Михаиловић Душанке Петар, Милетић Радослава Зоран, Милић Илије Лука, Милосављевић Боривоја Милија, Милошевић Душана Јовица, Младеновић Миладина Бранислав, Османи Сахита Ибрахим, Пеић Јосипа Стјепан, Перић Љубомира Живорад, Повше Јоже Емил, Раб Јосипа Владо, Рачиновић Хашима Тале, Радановић Фрање Павао, Ранковић Тихомира Драган, Ранковић Живорада Радивоје, Репац Чедомира Данило, Самарџић Николе Ђорђе, Селмани Ремзије Исмет, Семе Јоже Роман, Симоновић Љубодрага Зоран, Славковић Трајка Властимир, Солар Петра Жељко, Срдић Бранка Милорад, Шујерановић Љубомира Богосав, Татић Милутина Живорад, Томић Јозе Фрањо, Трајковић Недељка Живојин, Турчиновић Авде Фахрудин, Видовић Мирка Милан, Видић Петра Љубомир, Вилагош Рудолфа Ненад, Врбанац Јураја Златко, Зелић Петра Љубан, Зубер Луке Ђорђе;

Од Воената пошта 7250, Загреб

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

водник-стажист Кривиц Еде Мартин;
десетари: Брнчиќ Франца Блаженко, Маринковиќ Драгана Славољуб, Милосављевиќ Давида Милутин, Нешиќ Миодрага Добрица, Педишиќ Анте Иван, Зоричиќ Душана Недељко;
војници: Антонијевиќ Јездимира Слободан, Драгишевиќ Николе Димитрије, Милиќ Светомира Браислав, Периќ Мије Дане;

Од Воената пошта 7345, Сплит

— за примерна работа врз развивањето на полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување на старешинските и војничките особини што служат за пример на другите

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

разводници: Кнежевиќ Владимира Иван, Ковачевиќ Антона Звонимир;

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

помлади водници: Мариновиќ Маријана Миленко, Стернер Јанеза Станислав;
десетари: Анѓеловиќ Јанче Јованче, Берберовиќ Симе Станко, Билиќ Јосипа Ивица, Богишиќ Јосипа Фрањо, Братушек Макса Станко, Ѓанковиќ Петра Душан, Ериќ Милана Видан, Гојко Шпире Дмитар, Гемојиќ Анте Младен, Гвоздиќ Божидара Владимир, Јовановиќ Мила Војислав, Кариќ Чазима Мирсад, Лацковиќ Луке Маријан, Латиновиќ Мирка Здравко Мауринац Стеве Раул, Миладиновиќ Драге Драго Милутиновиќ Драгана Властимир, Митровиќ Недељка Божо, Модиц Франца Сречко, Монтиќ Јосипа Оскар, Ниманбеговиќ Есада Хусеин, Пишек Милана Рудолф, Радич Иштвана Јожеф, Родиќ Милана Урош, Симиќ Јове Драго, Станковиќ Милутина Петар, Станковиќ Станише Ранѓел, Стевановиќ Драгољуба Милинко, Ташковски Тодора Стојан, Томиќ Симе Живко;
разводници: Ардолиќ Селима Мирсад, Бериша Хајрула Хаки, Брајеновиќ Васе Лазо, Цветковиќ Божидара Зоран, Глигоријевиќ Ѓорѓа Слободан, Комљеновиќ Крстана Станоја, Короди Имре Ласло, Крстиќ Милка Бранислав, Кртиниќ Илије Душан, Крулиќ Јосипа Миљенко, Маниќ Стајка Жика, Мешкиќ Мехмеда Сакиб, Наѓалин Радована Милорад, Несторовиќ Бранислава Драгиша;
морнари: Данкиќ Иве Тадија, Дујаковиќ Милана Дане, Хациќ Расима Месуд, Калаба Бранка Момчило, Кастрати Асана Енвер, Колар Ферде Војко, Котник Франца Милан, Ковачиќ Јуре Иван, Лениќ Стјепана Ѓуро, Пашиќ Мехмедалије Мирсад, Репац Томе Марко, Сукиќ Јосипа Дамир, Штурм Драге Еуген, Велојиќ Александра Слабољуб.

Бр. 24
5 април 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува

— за заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Либерија

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Wilmot A. David, извонреден и ополномоштен амбасадор на Република Либерија во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Бр. 25
6 април 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна


666. Одлука за дополнение на Одлуката за ослободување од плаќање на данок на промет на медаљони, значки и придатоци, што се издаваат по повод на настани од посебно значење за народите и народностите на Југославија — — — — — 1369
667. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „The New York Times" — — — — — — — — — 1369
668. Наредба за дополнение на Наредбата за времето во кое воздухопловните пристаништа мораат да бидат отворени за јавен воздушен сообраќај — — — — — 1369
669. Наредба за начинот на преработка на пченица — — — — — — — — — 1369
670. Решение за југословенскиот стандард за основните и општите стандарди — — 1370
671 Општествен договор за измена на Општествениот договор за критериумите и за начинот на формирање на цените на алуминиумот и на производите од преработката врз база на алуминиум — — — 1370
Исправка на Уредбата за посебните услови под кои организациите на здружен труд можат да изведуваат инвестициони работи во странство — — — — — — 1370
Одликувања — — — — — — — — — 1370

Меѓународни договори — — — — — — 949


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**